## *Моќ произведена во Германија*

Ние, во Bosch, дизајнираме посебни мотори со највисоко ниво на прецизност во областа на инженерството.

**10 годишна гаранција на моторот.**
Ова не е само фраза – ова е нешто што го гарантираме. Гаранција на моторот за следните 10 години.

**Гаранциски услови на правосмукалки со Bosch мотор.**
Во прилог на нашата гаранција за апарат, ја нудиме следната гаранција за нови апарати со Bosch мотор (важечка за сите цилиндрични правосмукалки со или без вреќички, со исклучок на моделите од Серија 2 BGS05…/BGC05…) купени од 1 август 2019 година па натаму. Рекламација во продажното место која што произлегува од купопродажниот договор не се променува со оваа гаранција.

1. Ние, BSH Апарати за домаќинство д.о.о., Nazarje, Savinjska cesta 30, 3331 Nazarje, обезбедуваме гаранција за дефекти во Bosch моторот, кои се појавуваат поради дефект во материјалот и/или производството.
2. Услов за одобрување на гаранцијата е регистрација на правосмукалката и активирање на гаранцијата на www.bosch-promocii.mk во рок од 6 месеци од купувањето од страна на првиот купувач.
3. Гаранцискиот период е 10 години, почнувајќи од датумот на активирање на гаранцијата, согласно со Точка 2 дадена погоре, од страна на првиот купувач. Гаранцијата важи на територијата на Република Северна Македонија. Рекламацијата во склоп на оваа гаранција може да се изврши во текот на овој период, со испраќање на оригиналната сметкопотврда до службата за корисници назначена во именикот за служби за корисници во упатството за употреба.
4. Без оглед на горенаведената Точка 1, обврската за гаранција не се применува ако дефектот во моторот се должи на злоупотреба или непридржување кон инструкциите за работа и монтажа. Гаранцијата се губи ако се извршат поправки или интервенции од страна на лица кои немаат наше овластување. Гаранцијата, исто така, не се однесува на дефекти предизвикани при транспорт по предавањето на апаратот, на дефекти поради погрешно склопување или одржување, на механички дефекти предизвикани од корисникот, на дефекти предизвикани од пренизок или преголем напон, и на дефекти предизвикани од виша сила.
5. Во случај на рекламација, дефектниот Bosch мотор ќе се поправи или ќе биде заменет со нов Bosch мотор. Заменетите делови или уреди стануваат наша сопственост.
6. Гаранциските услуги не го продолжуваат гарнцискиот период, ниту пак означуваат почеток на нов гаранциски период.
7. Гаранцијата не претставува основа за идни рекламации. Оваа гаранција не ги ограничува законските права, особено правата за рекламација кај продавачот што произлегуваат од купопродажниот договор и Законот за заштита на потрошувачите и потенцијалните рекламации кај производителот кои произлегуваат од Законот за безбедност на производите.
8. Овие гаранциски услови се однесуваат на сите нови цилиндрични правосмукалки со или без вреќички, опремени со Bosch мотор, купени од 1 август 2019 година па натаму, со исклучок на моделите од Серија 2 BGS05…/BGC05… .